# Краток вовед во информативниот разговор

## Прирачник за практичари







Промовирање на заеднички начела и професионални стандарди во полициското работење во Европа

**Мајкл Бојл**
**Жан-Клод Вилиерм**

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

# Краток вовед во информативниот разговор

## Прирачник за практичари

**Промовирање на заеднички начела и професионални стандарди во полициското работење во Европа**

**Мајкл Бојл Жан-Клод Вилиерм**

Совет на Европа

*Авторите се целосно одговорни за ставовите изнесени во ова дело, и истите не ја одразуваат нужно официјалната политика на Советот на Европа.*

Сите барања за делумно или целосно умножување или преведување на овој документ треба да се упатат до Директоратот за комуникации (F-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int). Сета друга преписка во однос на овој документ треба да се упати до Генералниот директорат за човекови права и владеење на правото.

Корица и графичка подготовка: Оддел за изработка на документи и публикации (СПДП). Фотографии на

Советот на Европа:

© Shutterstock

© Совет на Европа, октомври 2018 година, печатено во Советот на Европа

Прирачникот го изработија експерти на Советот на Европа:

Мајкл Бојл
Жан-Клод Вилиерм

# Содржина


| | |
|---|---|
| ПРЕДГОВОР | 5 |
| ВОВЕД | 7 |
| ПРОФЕСИОНАЛНО ВОДЕЊЕ НА РАЗГОВОРОТ | 9 |
| Разговор или распит? | 9 |
| Предизвикот да се почитуваат човековите права | 10 |
| Чување на законот – должност на полицискиот службеник | 10 |
| Човекови права | 11 |
| Златното правило | 12 |
| Измачувањето не делува | 13 |
| Како да се постапува со осомничениот | 13 |
| Испрашување | 14 |
| Читање на осомничениот – мало предупредување | 15 |
| Сигурност на вината | 16 |
| Снимање на разговорот | 17 |
| Признание | 18 |
| Молчаливиот осомничен | 19 |
| Практично тестирање | 20 |
| ПРОЦЕСОТ НА ВОДЕЊЕ НА РАЗГОВОРОТ | 21 |
| Планирање | 22 |
| Подготвување | 23 |
| Претставување | 23 |
| Давање исказ | 24 |
| Прашања | 25 |
| Заклучување на разговорот | 27 |
| Проценување | 28 |
| ЗАКЛУЧОК | 29 |
| НАЧЕЛА НА ИНФОРМАТИВНИОТ РАЗГОВОР | 31 |




# Предговор

Двајцата експерти кои го напишаа овој прирачник имаат широко лично и професионално искуство со полициското работење, вклучително и со спроведување на внатрешни контроли и инспекции дома (Обединето Кралство и Франција) и во странство (Ирак). Тие исто така се силно мотивирани да застапуваат практики сообразни со почитувањето на човековите права во сите аспекти од полициското работење, нешто за кое знаат дека е не само оперативно ефективно на краток рок, туку и придонесува за градење на поддршката и довербата од заедницата во задоволувањето на правдата и владеењето на правото.

Преку својата работа, и во дискусија со меѓународните колеги, авторите сфатија дека бројните неуспеси да се испорачаат професионални стандарди во полициското работење произлегуваат од слабото знаење, ограничените вештини и несоодветната обука на полицијата, а не поради личните недостатоци на поединечните полициски службеници. Експертите премногу често беа сведоци на обиди за обука за промовирање на полициско работење сообразно со почитувањето на човековите права кои во голема мера се потпираа на академски и правосудни приоди. Ваквите приоди обично беа премногу оддалечени од секојдневната работа и животното искуство на полициските службеници и, иако интелектуално и правно солидни, многу малку придонесоа за испорачување на практики сообразни со почитувањето на човековите права за оние кои се најмногу засегнати од полициското работење.

Авторите разгледаа неколку интервенции за обука во полициската практика

за кои сметаа дека ќе се покажат едноставни, директни и економични и, што е најважно, што ќе имаат значителен ефект во областа на човековите права и владеење на правото. Тие се насочија кон додавање на елементи на нови, поефективни техники сообразни со почитувањето на човековите права во практиките за водење разговор во полиција, со особен фокус врз водењето разговор со осомничените. Ова одеше во прилог на препознавањето на ранливоста на осомничените кон потенцијалната злоупотреба за време на испрашувањето, во ситуации кога полициските службеници може да бидат под огромен притисок да разрешат некое кривично дело и да обезбедат пресуди. Соочени со ограничени докази и со недоволно вештини за водење разговор, а со цел да го зголемат обемот, веродостојноста и прецизноста на информациите што ги добиваат, полициските службеници може да почувствуваат огромен притисок да извлечат признание како единствен веројатен начин да се реши одреден случај. Во такви околности, испрашувањето може брзо да премине во заканување и присилување на осомничениот да признае. Авторите сфатија дека голем број недоволно обучени полициски службеници погрешно се уверени дека недолжно лице никогаш нема да признае кривично дело што не го извршило. Затоа е можно полициските службеници да не гледаат никаква опасност од применување на средства за присилба, особено ако се исто така погрешно уверени дека тоа е во најдобриот интерес за јавноста. Експертите веруваат дека без обука на ова поле постои поголема веројатност да се злоупотребат човековите права на осомничените, да се осудат недолжните, виновните да останат на слобода, полициските службеници да го прекршат законот кој се заколнале дека ќе го чуваат, и да се намали или изгуби довербата и почитта кон полицијата и кривичното правосудство.

Со поддршка на Советот на Европа, авторите се заложија за изработка на краток воведен прирачник за информативен разговор. Сите страни прифатија дека таквиот прирачник намерно и неопходно треба да биде краток и едноставен. Треба да биде нешто што секој поединечен полициски службеник може да го земе, разбере и примени. Неговата намера не е да го заземе местото на целосна програма за обука за техниките за водење разговор, туку само да ја пополни празнината таму каде што не се испорачуваат такви програми или каде што се ограничени по својот обем и природа поради оскудните ресурси во полициските сектори. Иако признаваме дека овој прирачник не може да направи од полициските службеници експерти за водење разговор, со следењето на методологијата и начелата што се дадени тука ќе се помогне да се зголеми полициската ефикасност и сообразност со обврските за почитување на човековите права. Овие цели се истовремено препорачливи и пожелни.




# Вовед

Откривањето на кривичните дела е основната цел на полицијата во сите земји. Една од најважните алатки за успешно откривање и истражување на кривичните дела е ефективното водење разговор со жртвите, сведоците и осомничените. Правилното и професионалното спроведување на оваа клучна полициска функција може во голема мера да придонесе за решавање на кривичните дела, а со тоа и за задоволување на правдата и зајакнување на владеењето на правото. Сепак, како и со сите други алатки, и оваа може да има лош квалитет и да ја спроведат оние што немаат соодветни познавања или доволни вештини. Ова премногу често се манифестираше како злоупотреба на човековите права од страна на полицијата, особено при распит на осомничените: не само во минатото, туку тоа продолжува и во сегашноста. Свесни за потребата да се спречи злоупотребата и да се професионализираат полициските стандарди, Советот на Европа како клучна, средишна цел на полициското работење ја идентификуваше заштитата на човековите права. Човековите права не се пречки за ефективното полициско работење, напротив, само преку почитување на човековите права може полициското работење да стане ефективно. Доколку работат сообразно со обврските за почитување на човековите права, полициските службеници со право ќе се стекнат со почит, доверба и поддршка од заедницата на која ѝ служат. На овој начин, полициските службеници можат подобро да си ја завршат својата работа и да добијат поголема сатисфакција од својата работа. Ова се целите што секој полициски службеник ќе ги прифати како вредни за остварување.

Ви приодот кон информативниот разговор, како и кон целата останата полициска работа, европските полициски службеници треба да се раководат од Европскиот кодекс за полициска етика, кој тежнее да воспостави заеднички професионални стандарди и да ги постави

темелите за етички норми. Во самата своја основа, кодексот од полициските службеници бара не само да постапуваат законито, туку и „да го применуваат законот со интегритет и почит“ кон сите припадници на јавноста, вклучувајќи ги и оние припадници на јавноста кои можеби се осомничени за вмешаност во некое кривично дело.

Овој краток воведен прирачник за информативен разговор има за цел на полициските службеници да им даде ефективна алатка, како и знаење и вештини што им се потребни за да ја применат таа алатка во текот на нивните истраги. Се потпира на информации од современите научни истражувања за тоа што функционира, како и на реалните животни искуства на експертите практичари, кои работат според највисоките професионални стандарди во рамки на Европскиот кодекс за полициска етика.

Основниот фокус на прирачникот е на испрашувањето на осомничениот, односно, на кое било лице, во врска со неговата или нејзината вмешаност, или сомнение за вмешаност, во кривично дело. Иако целта на секоја категорија на разговор може до некаде да варира, сите разговори имаат иста заедничка клучна намена, а тоа е прибирање на точни, веродостојни и сеопфатни информации кои ќе помогнат вистинскиот престапник да се изведе пред лицето на правдата. Затоа, поголемиот дел од материјалот што се содржи во овој прирачник подеднакво важи и за водењето разговор со жртвите и сведоците, бидејќи ги дава начелата и најдобрите практики за информативен разговор. Други работи кои истражителот треба да ги има предвид на прво место кога води разговор се посебните дополнителни чекори и гаранции што треба да ги преземе при справување со ранливи, маргинализирани и малолетни испитаници.



# Професионално водење на разговорот

## Разговор или распит?

Материјалот во овој прирачник постојано упатува на водење на разговор, наместо на распит. Иако во некои случаи овие поими се мешаат, со поимот „распит“ најчесто се опишува испрашувањето на осомничените, особено кај посериозните кривични дела, како што се убиство, киднапирање, кривични дела поврзани со дрога и тероризам. Овој поим, сепак, со себе носи едно погрубо значење, па може да укаже на тоа дека за осомничените е соодветна една поинаква, построга форма на испрашување. Но, од вас, како полициски службеници, се бара да покажете исти професионални стандарди на непристрасност и да ги третирате со почит и достоинство сите оние кои ги испрашувате, без оглед дали се жртви, сведоци или осомничени. Во сите случаи, треба да се обидете да го искористите разговорот како средство да добиете што е можно повеќе фактички и веродостојни информации со цел да ја поткрепите и насочите својата истрага, како и да дојдете до успешна разрешница. Секако, во случај на водењето разговор со осомничените, постои и дополнителната потенцијална цел да се дојде до прифаќање на вината – признание. Сепак, ова не смее да стане првенствена или единствена цел на разговорот, бидејќи и самото признание мора да биде засновано на информации и докази. Со тоа ќе се намали веројатноста од лажно признание, а воедно ќе им се овозможи на полициските службеници да прикажат посилен случај против осомничениот, доколку подоцна го повлече признанието.




## Предизвикот да се почитуваат човековите права

Во сите фази од истрагата, од суштинско значење е да се придржувате до највисоките професионални стандарди на полициското работење и до целосна посветеност на заштитата и одбраната на човековите права, вклучувајќи ги и правата на осомничениот. Важно е да разберете дека овој однос помеѓу професионалното полициско работење и чувањето на човековите права е во совршена рамнотежа, при што едното не може да постои без другото. Затоа, мора да покажете почит и интегритет во костец со каков и да е предизвик или фрустрација, дури и кога тие произлегуваат од однесувањето на осомничениот, или од чувството на итност, вашето сопствено или однесувањето на вашите претпоставени или на јавноста, за да се реши случајот. Ќе има ситуации кога ќе се чувствувате дека времето е од критична важност за да се спасат човечки животи, на пример, во случај на киднапирање или кога терористи планираат да го истурат својот гнев врз недолжни жртви. Ова се случувало со други полициски службеници во минатото. Па сепак, во вакви околности не е оправдано да се заканувате со насилство врз осомничениот, дури и ако немате намера да го направите тоа. Таквото незаконско однесување резултира со казнување на полициските службеници и со тоа секој доказ добиен на тој начин да се прогласи за неоснован од страна на судовите. Подеднакво важно, како што ќе видите во овој прирачник, е што техниките за водење на разговорот во сообразност со почитувањето на човековите права се попродуктивни и помоќни одошто принудата, заплашувањето или манипулацијата. Овие техники упорно се покажуваат како поефективни во решавање на кривичните дела одошто користењето на методи со кои осомничените се злоупотребуваат или малтретираат. Ова се покажало и е прифатено дека е така дури и при справување со најтешките осомничени и најсериозните кривични дела.

## Чување на законот - должност на полицискиот службеник

Покрај условите и гаранциите обезбедени со домашното право, од вас се бара да ја земате предвид и меѓународната правна рамка којашто се однесува на полициското работење. Особено, како полициски службеници кои работат во земја-членка на Советот на Европа, вие сте должни да ја почитувате Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи (ETC бр. 5). Понатаму, во својата професионална пракса ќе се раководите и според Европскиот кодекс за полициска етика и други меѓународни инструменти кои директно се однесуваат на вашата работа. Тука спаѓа Европската конвенција за спречување на измачувањето и нечовечкото или понижувачко постапување или казнување (ETC бр. 126) како и Конвенцијата на Обединетите Нации против измачување и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување. Полициските службеници исто така треба да го имаат предвид и Кодексот на однесување на Обединетите Нации за службените лица што го спроведуваат законот, како и сопствените национални кодекси и стандарди за полициско однесување. Познавањето на овие стандарди и придржувањето до нив во голема мера ќе ја зголеми вашата професионалност и ефективност. Подолу следат некои од клучните начела на кои мора да се заснова вашата работа во секое време, вклучително, секако, и кога водите разговор со осомничениот, бидејќи тоа е моментот кога лицето е особено ранливо.

## Човекови права

### Конвенција за заштита на човековите права и основните слободи

Согласно член 3, никој не смее да се изложи на измачување или на нечовечко, понижувачко постапување или казнување. Ова директно важи и за тоа како постапувате со осомничениот во сите фази од неговиот притвор, а особено за време на испрашувањето.

Согласно член 5, секој има право на слобода и безбедност, а кога лицето е уапсено или лишено од таквите слободи, лицето мора веднаш да се извести, на јазик што го разбира, за причините за неговото апсење и за секое обвинение против него.

Согласно член 14, се забрануваат сите облици на дискриминација и не постои оправдување за нееднаков третман на кого било врз основа на пол, раса, боја, јазик, религија, политичко или друго убедување, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, имотна состојба или друг статус.

## Корпус начела на Обединетите Нации за заштита на сите лица што се наоѓаат во кој било облик на притвор или затвор

Начелата во овој документ пропишуваат, меѓу другото, дека сите задржани лица треба „да се третираат човечки и со почит кон неприкосновеното достоинство на лицето“. Лицата не смее да се изложуваат на измачување или на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување; ниту една околност никогаш не може да оправда такво однесување.

Што се однесува до водењето разговор, никој не смее да се изложи на насилство, закани или методи на распит кои ќе го попречат неговото расудување или способност да носи одлуки. Тоа подразбира и искористување на „неправедната предност“ на ситуацијата во која се наоѓа задржаното лице со цел да се принуди на признание.

Станува збор за добра пракса да се евидентира должината на времето во кое се води разговорот со задржаното лице, должината на паузите помеѓу разговорите и идентитетот на сите присутни за време на разговорот.

## Кодексот на однесување на ОН за службените лица што го спроведуваат законот

Член 2: Во вршењето на својата должност, службените лица што го спроведуваат законот го почитуваат и заштитуваат човековото достоинство и ги бранат и чуваат човековите права на сите луѓе.

Член 5: Ниту едно службено лице што го спроведува законот не смее да нанесе, поттикне или толерира какво било дело на измачување или друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

Член 6: Службените лица што го спроведуваат законот ја гарантираат целосната заштита на здравјето на лицето што го притвориле.

## Златното правило

**Не постојат околности** кои може да го оправдаат изложувањето на осомничениот на заплашување, закани, злоупотреба или насилство од кој било вид, физичко или психолошко, со цел да се добие една информација, да се имплицира друга информација, или да се извлече признание.

Не само што ова е неетички, спротивно на етичките стандарди на професионалното полициско работење, го крши домашното и меѓународното право, **туку и едноставно не делува.**

Пред да ги поминеме процесите и фазите на информативниот разговор, од суштинска важност е прво да го разберете и прифатите „златното правило“ за водење разговор. Правилото е едноставно да се разбере, но потешко е да се спроведе доследно во вашата професионална пракса, кога се соочувате со внатрешни и надворешни притисоци да го „свиткате“ или „скршите“ правилото. Сепак, мора да го почитувате ова правило доколку сакате да станете вешт полицаец кој знае како да го води разговорот во рамки на законот.

## Измачувањето не делува

Постои значителен корпус на научни докази кои покажуваат дека измачувањето и нечовечкото постапување не делуваат. Со нив не се извлекуваат точни и веродостојни информации, што би требало да биде целта на полицаецот што го води разговорот. Ефектот што стресот го има врз когнитивните способности на мозокот се такви што не може да верувате во вистинитоста на добиените информации, дури кога и самата жртва всушност верува дека ја кажува вистината. Ваквите наоди се потврдени не само со бројни експерименти, туку и со практичното искуство на најдобрите испитувачи кои воделе разговори со осомничени терористи и закоравени криминалци. Ова во стотици случаи го потврдиле и истражителите кои биле осудени на суд поради употреба на измачување за да извлечат информации и признанија. И тие самите признале дека информациите што ги добиле преку измачување биле недоволно веродостојни и вредни и не можело со сигурност да се постапува по нив. Целта на измачувањето и нечовечкото постапување почесто е само да се нанесе болка, и да се потисне или наруши достоинството на лицето. Некои полициски службеници, и покрај убедувачките докази за спротивното, сè уште наивно веруваат дека психичката или психолошката злоупотреба делуваат. Но, впрочем, таа е контрапродуктивна. Употребата на измачување и нечовечко и понижувачко постапување со многу поголема веројатност ќе доведе до признание на ранливите и недолжните, со што ќе им се дозволи на вистинските, виновни престапници да останат на слобода. Со тоа ќе биде прекршен самиот закон што полицискиот службеник се заколнал да го чува, а ќе се подрие и довербата што јавноста ја има во полицијата. Полицијата не може да добие почит или поддршка доколку полициските службеници не ги чуваат човековите права, не го почитуваат човековото достоинство и не го спроведуваат законот.

## Како да се постапува со осомничениот

Постојат прифатени основни гаранции против малтретирање на лицата во притвор. Бидејќи осомничениот веќе и онака би бил во притвор, мора да проверите дали биле применети овие гаранции. Дури и кога осомничениот поминал некое време во притвор, немојте да претпоставите дека веќе бил информиран за гаранциите:не смета истото да се провери.
Доколку не бил информиран, тогаш вие треба да му ги понудите тие гаранции. Доколку ги преземете овие чекори, со поголема веројатност ќе ви се подобрат шансите за успех да добиете информации, бидејќи тоа ќе придонесе за градење на однос со осомничениот така што ќе покажете почит за неговите права и за законот.

**Зошто да се користат техники за информативен разговор?**

Помагаат да се насочи правецот на истрагата.

Водете сметка на осомничениот да му се даде прилика да извести некого за својот престој во притворот и исто така да му се даде прилика да контактира со адвокат. Исто така, прашајте дали осомничениот е запознаен со свето право да биде прегледан од страна на лекар што самиот ќе го избере, без разлика дали веќе бил прегледан од лекар што му го обезбедила полицијата.

Запомнете дека осомничениот не смее да се изложува на продолжени периоди на испрашување без паузи и без да му се обезбеди соодветна храна и пијалак. На осомничениот треба да му се дозволи целосен и непрекинат период од најмалку 8 часа во рамки на 24 часа кога ќе му бидат обезбедени услови за да спие, доколку сака, или за поинакво опуштање. Иако не би смееле да манипулирате со времето на паузи со цел да му предизвикате неразумен стрес на осомничениот, сепак може да бидете тактични во однос на паузите и да одлучите да го запрете разговорот кога ќе се јави потреба да проверите некоја информација или да спроведете некое дополнително истражување. Исто така мора да имате предвид доколку е присутен правен советник на осомничениот, овој правен советник може да побара пауза со цел да се посоветува со својот клиент или пак самиот осомничен може да побара таква приватна средба. Вие не сте должни да го прифатите ваквото барање, бидејќи во дадениот момент можеби е, а можеби и не е во најдобар интерес на истрагата да ја дадете паузата. Својата одлука мора да ја донесете врз основа на ваквото расудување.

Ова може да доведе до брзо кривично гонење на осомничениот или ослободување на недолжниот, а со тоа и подобро да им се служи на целите на правдата.

Подобреното разоткривање на информациите и доказите ќе го зајакне случајот за обвинителството и ќе се избегне непотребното трошење на полициските и правосудните ресурси.

Тоа, пак, ќе доведе до зголемена доверба на јавноста во полицискиот професионализам, ефективност и нејзиното чување на човековите права, со што ќе се обезбеди и поголема поддршка и почит за полицијата.

## Испрашување

Запомнете дека осомничениот може да има одредена ранливост или дополнителна потреба којашто треба да ја земете предвид пред или за време на разговорот. Може да биде неопходно осомничениот да биде „придружуван“ од друго возрасно лице покрај правниот советник, на пример, за да се гарантираат интересите на осомничениот кога е во прашање дете или некој ранлив. Клучна функција на полицијата е да ги идентификува лицата кои можеби се ранливи и да преземе чекори да ја обезбеди потребната поддршка за нив.

Нема смисла да се води разговор со осомничениот кој, од кои било причини, не ја разбира природата или намерата на прашањето што сакате да му го поставите. Ова може да биде привремено, кога осомничениот е под влијание на дрога или алкохол, или во состојба на шок или стрес. Можно е да побарате „пауза" кога осомничениот ќе стане премногу вознемирен за да продолжи и му е потребно здивнување од испрашувањето. Имајте во предвид дека психолошката и физичката состојба на осомничениот може да се менуваат и можно е за време на разговорот да се развие таква состојба за која на осомничениот ќе му биде потребна лекарска грижа, дури и ако претходно бил во добра кондиција. Можно е осомничениот да има интелектуална попреченост или нарушено социјално функционирање што може да влијае врз неговата способност да даде промислени одговори, или правилно да го сфати значењето и важноста на поставеното прашање. Со осомничените може да се води разговорот само доколку целосно го разбираат значењето на испрашувањето. Сепак, доколку тоа не е така, можно е да постојат исклучителни околности кога може да се оправда и директно испрашување, на пример, кога нечиј живот или имот е во прашање, или постои ризик да се изгубат докази или престапниците да побегнат. Вашата одлука мора да се потпира на посебните околности на случајот, но секогаш мора да ја имате предвид и добросостојбата на осомничениот.

## Читање на осомничениот - мало предупредување

Некои полициски службеници се повикуваат на својот „внатрешен инстинкт" и се горди на својата способност да го прочитаат говорот на телото на лицето и другите навестувања со цел да откријат дали осомничениот лаже, па дури и дали е виновен за одредено кривично дело. Ова е сосема спротивно на отвореноста на умот што еден професионален истражител мора да го има. Ова може да ве доведе во состојба да ја игнорирате или омаловажите некоја значајна информација која е токму спротивна на таквото уверување, или го побива. Немојте да се потпирате на какви било способности за препознавање на измами, туку откријте ја измамата и следете ги доказите. Немањето докази против некој осомничен не мора секогаш да биде проблем, бидејќи тоа понекогаш може да биде и корисно. Отсуството на материјални докази може да посочи на можноста дека постои некоја друга виновна страна, па тоа може да покаже дека е потребно да се преземе нова насока во истрагата.

Полицискиот службеник кој не сака да биде со „отворен ум", туку верува дека ја „знае" вистината, најверојатно ќе биде повеќе склон да бара оправдување за своето лично гледиште така што ќе го принудува осомничениот, или ќе му се заканува, или поинаку ќе го манипулира за да му извлече признание. Доколку полицискиот службеник преголем дел од својата енергија и интерес го фокусира врз добивање на признание, тогаш ги исклучува можностите за други информации што може да посочат на вина на друго место. Дури и кога полицискиот службеник со право ќе забележи дека осомничениот лаже, причината за таквата невистина може да биде

сложена. Можеби навистина е поврзана со неговата вина, но можно е да се должи на нешто друго, на пример, страв, збунетост, желбата да му се удоволи на испитувачот, па дури и едноставен нагон да се одговори на прашањето, дури и кога осомничениот не го знае точниот одговор на поставеното прашање. Толкувањето на нечие однесување врз основа на стереотипизирани и „клише“ формули е неверодостојно и треба да се избегнува. Полициските службеници мора да останат непристрасни и да бидат со отворен ум!

## Сигурност на вината

Наивно би било да не признаеме дека ќе постојат и такви случаи кога лицето со кое полицијата води разговор се наоѓа во такви околности што расположливите докази и информации веќе укажуваат на голема веројатност дека тоа лице е виновно за извршување на некое кривично дело. Ова сознание не го подрива, ниту пак драматично го менува приодот на истражителот кон водењето разговор, бидејќи отворениот ум секогаш останува клучниот елемент за информативниот разговор. Сознанието за одредени факти ќе го насочи правецот на испрашувањето, но не и фазите и процесите на разговорот, ниту пак треба да вѐ направи со затворен ум за други можности или појаснувања. Освен тоа, преку разговорот вие и понатаму треба да изградите и да одржите однос со осомничениот и, најважно, мора да продолжите да постапувате со осомничениот со почит и достоинство. Полициските службеници се должни да ги испрашуваат сите осомничени со пресумпција за нивната невиност. Само судската одлука може да каже поинаку. Бројни се случаите кога полицијата била убедена во вината на осомничениот и го испрашувала само за да го докаже своето уверување, наместо да се труди да ја разоткрие вистината за тоа што навистина се случило. Па тоа довело до изнудување на признание од некои осомничени, за по одредено време да се утврди, честопати преку непристрасни форензички или физички докази што ќе излезат на виделина, дека осомничениот бил сосема невин.



## Снимање на разговорот

Нашироко е прифатено дека снимањето на разговорот на аудио или видео медиум има многу важни предности за полицијата. Иако за време на водењето на разговорот треба да се фаќаат белешки (по можност тоа треба да го прави втор испитувач, а не главниот испитувач), нивната цел е да се овозможи структуриран приод во потрагата по разјаснувања за прашања кои произлегуваат од или го оспоруваат исказот на осомничениот кога дава исказ за време на испрашувањето. Испитувачот не може да запише сѐ, а и треба дел од своето внимание да го посвети на тоа што осомничениот ќе продолжи да го зборува и на тоа како се однесува. Покрај тоа, електронскиот запис дава детален доказ за тоа што било кажано и тоа не може да се оспори. На испитувачот му се овозможува повеќе да се концентрира на активното слушање на исказот на осомничениот и на разоткривање на информации. Самата снимка подоцна може да се прегледа од страна на полициските службеници и може да помогне да се идентификуваат теми кои начелно биле пропуштени во разговорот и кои бараат надоврзување. Снимката не само што ќе појасни евентуални недоразбирања, туку ќе обезбеди и одреден степен на заштита за полициските службеници во однос на тоа како го воделе разговорот, бидејќи може да ги даде потребните докази да се демантира какво било неосновано или злонамерно обвинување за злоупотреба.

Постои и дополнителна придобивка во тоа што аудио и/или видео снимката на разговорот ќе овозможи заштита и за лицето со кое се води разговорот во приватноста на полицискиот притвор. Честопати, самиот факт дека се снима разговорот делува како цврст стимул за полицијата да прифати обучување на своите полициските службеници и да се стреми кон развивање на подобри вештини за водење на разговорот. Снимката може да биде корисен ресурс, како што ќе видиме, во фазата на „процена“ на разговорот, не само за да помогне да се насочи правецот на истрагата, туку и да биде ресурс од кој полициските службеници може да учат за потребите на сопствениот професионален развој.

**Гаранции**

Сите разговори треба да се снимаат, при што осомничениот има право да добие примерок од деталниот извештај за разговорот.

Сите осомничени имаат право на совет од правен советник дури и кога се наоѓаат во притвор и треба да се известат за ова нивно право пред да се води разговорот со нив.

Треба да се обрне внимание на посебните потреби на осомничените кои се ранливи од гледна точка на нивните физички или ментални способности (и на сите други задолженија на испитувачите согласно националните закони за еднаквост).

На осомничените треба да им се дозволат соодветни и непрекинати периоди на одмор и да им се обезбеди доволно освежување.

## Признание

Високиот комесаријат за човекови права на Обединетите Нации, во своето џебно издание „Стандарди и практики за човекови права за полицијата“ нагласува дека „полицијата никогаш не смее да бара или да се потпира на признанието како основа за случајот. Наместо тоа, целта на истрагата треба да биде да се обезбедат независни докази.“ Понатаму, на полициските службеници им советува „да ги проучат и применат современите техники од најдобрите практики за водење разговор“, што е токму и целта на овој прирачник. Премногу често полициските службеници, поради недостиг од обука, сознанија и други ресурси, зависат од признанието за да го решат кривичното дело. Како што беше посочено погоре, полициските службеници може на тој начин да подлегнат на притисокот да извлечат признание така што ќе применуваат техники на злоупотреба наместо истражни вештини за разоткривање на вистината.

Осомничените кои чекаат да бидат примени на разговор или помеѓу два разговори треба да се сместат во хигиенски услови со соодветен и правилен простор, осветлување, затоплување и проветрување и да им се овозможат услови за седење/лежење со цел да им се олесни одморањето.

Нема никаква пречка за да не се прифати признание. Но, постојат неколку важни ризици. Полициските службеници мора да бидат свесни дека одредени лица се повеќе подложни и ранливи. Со тоа стануваат повеќе склони да признаат кривични дела што не ги извршиле. Во други случаи, некое лице може да даде признание токму во намера да заштити некое трето лице. Затоа, полициските службеници секогаш мора да бараат докази со кои може да се поткрепи или оспори вистинитоста на даденото признание. Ова воедно може да биде корисно и кога лицето подоцна ќе си го повлече признанието, затоа што полициските службеници не се потпирале само врз признанието.

Престапникот може признае дека се чувствува виновен и да посака да објасни што се случило и зошто, или воопшто да си ги оправда своите дејства. Друг можеби ќе признае бидејќи тежината на доказите против нив е толку голема што и нема многу други опции, така што ако признае на судењето, се надева дека ќе добие полесна казна или некоја друга поволност. Некој друг, пак, може да признае кога стресот од задржувањето и моќта на полицискиот разговор ќе станат такви што признанието му СЕ чини како начин на олеснување, затоа што ќе го заврши испрашувањето. Оваа последна динамика може да изврши притисок и врз целосно недолжни, но ранливи луѓе да дадат признание. Ова е повеќе веројатно да се случи кога полициските службеници користат средства за присилба. А високо сугестивните лица може да ги

убедите со манипулации и искривоколчување, и самите да поверуваат дека се навистина виновни. Сето ова ја нагласува потребата да се бараат докази со кои ќе се поткрепи или ќе се оспори признанието на вина.

## Молчаливиот осомничен

Од осомничените мора да очекувате најразлично однесување, од согласност до несоработка, од прекумерна пријателска настроеност до навредливост, па дури и агресивност. Во контекст на водење на разговорот, може да биде крајно фрустрирачки за полициските службеници да се соочат со осомничен кој не сака да каже ништо. Осомничениот може да замижи, да гледа во една точка, па дури и да се обиде да го помести столот или да се оттргне себеси од вас, со цел сосема да го избегне контактот. Во овие околности, треба да продолжите да го испрашувате осомничениот. Вашите прашања треба да бидат релевантни, но не и до толку повторливи што во еден момент испрашувањето да премине во присилба. Запомнете дека молкот на осомничениот нема никаква врска со одредувањето на вината или невиноста и не смее да влијае врз вашата пресумпција на невиност. Тоа само значи дека осомничениот избрал да го исползува своето право. Осомничениот не смее да се принудува да сведочи против себеси или да признае вина.

Не дозволувајте да ве фрустрира молчаливото однесување или да ве наведе да скршнете од своите професионални стандарди. Немојте да викате, да користите навреди или неучтив јазик, или пак да се разлутите. Мора да прифатите дека ќе има периоди кога, без разлика со какви вештини располагате и без разлика каква стратегија ќе употребите, осомничениот ќе одлучи да молчи. Тоа не ја отсликува вашата способност или ефективност како полициски службеник.

Осомничениот може да дава кратки или нагли одговори, како што се „немам поим“, „немам коментар“ или „не знам“. Ова може да ве фрустрира бидејќи немате претстава дали осомничениот и на сите ваши идни прашања ќе одговара така, макар што набрзо може стане очигледно.

Потребно е да го потсетите осомничениот за кривичните дела за кои е осомничен дека ги извршил и дека ова е прилика да даде сопствен исказ за прашањата и фактите со свои сопствени зборови. Дајте му време на осомничениот да размисли за прашањето. Дури и да не одговори, или ако одговори кратко, оставете му време уште малку да размисли за тоа што го кажал и немојте веднаш да го поставите наредното прашање. Потсетете го осомничениот дека, иако одлучил да молчи за одредени прашања, можно е да се постават некои други прашања за време на разговорот коишто тој би посакал да ги одговори, па затоа мора да ги

сослуша сите прашања и да размисли за можноста што му се нуди да ги одговори. Може да се обидете да стимулирате одговор така што ќе посочите на доказите коишто веќе ги имате. Ова може да укаже на вината на осомничениот и ќе го натера да одговори на вашата покана да ги објасни доказите со свои зборови. Дури и кога осомничениот продолжува да молчи во текот на целото ваше испрашување, секогаш спомените му кога планирате да го приврши разговорот и прашајте го дали има нешто што би сакал да каже или да ве праша.

Запомнете го златното правило дека под ниту едни услови не смеете да употребите сила или закани, па дури ни наведување за да го поттикнете осомничениот да зборува доколку тој одлучи да го искористи своето право да молчи.

## Практично тестирање

Премногу често успехот на полициската обука се мери преку постоење на курсеви за обука, нивоа на посетеност или завршување, или севкупната бројност на учество. Секако, сосема е возможно полициските службеници да присуствуваат на такви курсеви, па сепак или да не се стекнат со соодветните познавања и вештини, или набрзо да прекинат со применување во својата професионална пракса на она што го научиле во училница. Затоа, постои потреба на полициските службеници да им се помага за време на, но и кратко време после каков било курс за информативен разговор, а подоцна и во текот на нивната пракса (можеби и 12 или 18 месеци после тоа), за да се види дали доследно ги применуваат стекнатите знаења, вештини и начелата кои лежат во срцта на информативниот разговор. Многу нешта зависат и од соодветниот надзор, конструктивната поддршка и фидбекот што им се дава на полициските испитувачи.

Станува збор за добра пракса да се создаде средина на поддршка и учење, каде што неискусните полициски службеници може да ги повикаат поискусните испитувачи (вклучително и надзорниците) за да им помогнат во спроведување на разговорот во која било фаза од процесот. Може да биде потребно да се вклучат поискусните и поподготвени колеги да го водат разговорот. Ова особено се однесува на случаи кога лицето со кое се води разговорот претставува посебен предизвик или случајот е од особено сериозна или сложена природа.



# Процес на водење на разговорот

Иако поединечните фази може да се делат и именуваат на различни начини, прецизната структура на правилно структурираниот информативен разговор малку може да варира. Со години пракса беше изградена цврста и ефикасна рамка за испрашување, која се состои од извесен број на клучни фази. Фазите мора систематски да се следат. Процесот е прикажан подолу, и иако се чини дека тече само во една насока, можно е да има периоди кога истражителот ќе треба да се врати наназад кон претходната фаза. Пример за ова е кога, за време на испрашувањето, осомничениот ќе ја смени својата приказна и ќе признае вина соочен со цврсти докази што ќе му ги претстави испитувачот. За тоа ќе биде потребно испитувачот да се врати назад во фазата на „давање исказ“ и од осомничениот да побара ново појаснување за тоа што се случило. Како и да е, успехот на секоја поединечна фаза значително ќе влијае врз наредната. Секоја фаза поединечно е прикажана подолу.

**Кратка белешка за градење на доверба**

Како испитувач, од суштинско значење е да воспоставите и да одржувате однос со оној со кого го водите разговорот. Тоа подразбира да се примени отворен и интересен приод во кој лицето ќе се третира со почит и кој нема да потпадне под влијанието на личните ставови и пристрасноста. Ваквиот приод покажува автентичен интерес за испитуваното лице, а се потпира на комуникативноста и помошта на испитувачот. Тоа не значи дека испитуваното лице треба да ви се допаѓа, или дека ги споделувате неговите вредности или ставови.

Вашите лични чувства не треба да влијаат врз приодот ниту пак да се испречат на патот кон градењето на односот и довербата, за кои се покажало дека ги мотивираат испитуваните лица, па дури и закоравените терористи, да разоткријат точни, веродостојни и важни информации. Односот е важен предуслов за добро водење на разговорот.

Градењето на односот е од критично значење. Вештите испитувачи кои имаат искуство во справување со најсериозните и најзакоравени престапници, вклучително и терористи, сите ја нагласуваат потребата од градење на однос со цел да се добие информација. Немојте да го мешате „односот“ со тоа дека вие на некој начин го одобрувате кривичното дело што се истражува или дека лично ви се допаѓа лицето кое го испрашувате.

Барајте прилика да бидете емпатични со осомничениот, на пример, доколку посочи на некоја потешкотија поради која не може да ја соопшти информацијата или стресот што го чувствува поради разговорот, со што ќе ги препознаете овие негови чувства и ќе го изразите своето разбирање.




## Планирање

Правилното планирање е темелот на спроведувањето на добар разговор. Од суштинска важност е да ви биде јасно што сакате да постигнете со разговорот – кои ви се целите. Можеби сакате да проверите некои од информациите со кои располагате. Или постојат аспекти на кривичното дело кои сакате да ги појасните или докажете. Можеби сакате да утврдите дали постои некакво силно алиби или пак истото ќе сакате да го оспорите. Можеби барате дополнителни докази, па сакате да дознаете од каде може да ги обезбедите. Доколку се подготвите, ќе ја зголемите и веројатноста да ги добиете информациите што ви се потребни од осомничениот. Ако не се подготвите, голема е веројатноста да се „сопнете“ за време на разговорот и да покажете недостиг на самодоверба и сигурност во тоа што го правите. Без оглед колку малку време мислите дека имате, секогаш мора да најдете време да се подготвите за разговорот.

За почеток, водете сметка да имате колку што е можно поопсежно познавање за кривичното дело што се истражува. Тоа ги подразбира не само околностите на случајот, туку и сите достапни информации (форензика, изјави, стручни мислења) како и познавање на правните дефиниции за кривичното дело што се истражува, вклучително и доказите што се потребни за да се поддржи кривичното гонење. Исто така, треба да знаете што е можно повеќе за личната историја на осомничениот, вклучително и претходните кривични досиеја.

Мора да бидете и прилагодливи, бидејќи понекогаш нешто спонтано може да се случи за време на разговорот што ќе бара од вас да размислувате и да делувате веднаш, можеби и со поинаква тактика. Обично е подобро разговорот да го водат двајца испитувачи, од кои едниот би требало да биде жена, доколку и осомничениот е женско лице. Но, за ова е потребно планирање и договарање на сечија улога: кој ќе го даде воведот, кој ќе ги дава појаснувањата, кој ќе предводи, кога другиот испитувач може да интервенира и сл. Треба да испланирате како ќе реагирате кога осомничениот ќе ја порекне вината, или ќе ја признае вината, или едноставно ќе одбие да соработува и ќе молчи. Доколку осомничениот одбива каква било вмешаност, дали е тоа така бидејќи осомничениот тврди дека бил на некое друго место во посоченото време, или пак тврди дека бил погрешно идентификуван, или пак ќе игра на лична одбрана (на пример, дека предметите што ги украл се всушност негови, дека делувал во самоодбрана, дека делувал разумно, но врз основа на погрешни информации)? Потребно е да размислите за можните одговори што може да ги добиете од осомничениот и како вие ќе реагирате на нив кога трагате по „вистината“. Планирајте како ќе ги обелодените доказите. Во кој момент од разговорот е најдобро да му кажете на осомничениот нешто што веќе го знаете и за кое барате негова реакција?

## Подготвување

Подготвувањето подразбира да се биде и психолошки подготвен за разговорот. Мора да се подготвите позитивно да реагирате на однесувањето на осомничениот, дури и кога тоа ве фрустрира или ве предизвикува. Вашиот фокус треба да биде врз одржување на односот и создавање на окружување кое ќе биде најсоодветно за вас да си ги постигнете целите. Мора да бидете свесни и за своите сопствени емоции и чувства, и како истите да ги воздржите и контролирате, а со тоа да не го нарушите напредокот на разговорот. Запомнете дека водечкиот испитувач може ќе треба да му отстапи место на својот колега доколку неговиот карактер и темперамент почнат да го загрозуваат градењето на односот со осомничениот. Подготвувањето исто така подразбира и да се уреди оптимална физичка средина, со потребните ресурси, за спроведување на разговорот. Мора да размислите каде ќе се одвива разговорот: на пример, како да ја поставите собата за разговори, и како да пристапите до потребната опрема или материјал за снимање. Па дури и распоредот на седењето за време на разговорот мора да се обмисли, и може да се менува зависно од тоа кој е присутен во собата во даденото време, што сакате да постигнете, или од некои посебни особености или барања на самиот осомничен.

Мора да водите сметка ништо да не ви го одвлекува вниманието, ниту на вас ниту на осомничениот, за време на разговорот, а просторијата треба да биде тивка, приватна, и понастрана од непотребни прекинувања.

Не смее да си дозволите да ве прекинуваат или да ве фрустрира присуството на трети лица, како што е, на пример, правен советник, толкувач или придружно возрасно лице во случај на малолетник. Овие поединци имаат свои дефинирани улоги кои мора да ги земете предвид во фазата на подготвувањето и кои може да ги појасните со нив дури се подготвувате за спроведување на разговорот.

## Претставување

Запомнете дека е потребно да воспоставите и одржите однос и дека сето тоа започнува со вашето прво претставување пред осомничениот. Тоа ќе го поткрепите со покажување на интерес за осомничениот и вашата загриженост за нивната добросостојба. Не се обидувајте да бидете негов „пријател“; наместо тоа, со него треба да постапувате на начин што тој да увиди дека го почитувате како личност и дека го разбирате стресот и проблемите поврзани со состојбата во којашто се нашол себеси.

Претставете се себеси по име и чин, и на сличен начин претставете ги и сите други полициски службеници или други службени лица што се присутни. Објаснете која е вашата и нивна улога за време на процесот.

Објаснете зошто го водите овој разговор со него. Зависно од вашето национално законодавство, можеби ќе биде соодветно да го предупредите

во овој момент. Без оглед дали важи ова или не, водете сметка да го информирате осомничениот, со јасни термини и на јазик што тој го разбира, за кривичното дело за кор е осомничен дека го сторил, и во врска со што ќе го испрашувате.

Објаснете што ќе се случува за време на разговорот, имено, како ќе се спроведува разговорот. Исто така информирајте го осомничениот дека може да биде прашуван и за други прашања кои може да произлезат за време на разговорот со цел да се појаснат одредени факти и содржини.

Објаснете му ги неговите права, вклучувајќи го и правото на правен советник и моментот во кој важи тоа согласно вашето домашно законодавство.

Прашајте го осомничениот дали има некакви прашања во овој миг и дали нешто му треба (на пример, пауза за да оди во тоалет или вода). Особено, водете сметка дали осомничениот ве разбира што зборувате.

Сето погоре, искажано јасно, сеопфатно, отворено и со почит е важно за градење на односот.

## Давање исказ

Откако ќе завршите со претставувањето и соодветно ќе проверите дали осомничениот целосно разбира што од него се очекува, треба да му дадете прилика да даде свој детален и непрекинат наративен исказ. Тоа подразбира и да ги објасни сите информации кои укажуваат на тоа дека лицето е одговорно за кривичното дело што се истражува. Дајте му време на осомничениот да размислува за време на давањето исказ и немојте да се чувствувате дека сте должни да ја пополните секоја „празнина“ што ќе се создаде со паузите. Тишината може да биде ефективна алатка, ако се користи правилно, за поттикнување на испитуваното лице да го образложи кажаното и да додаде дополнителни информации или да даде дополнителен исказ за настаните. Важно е осомничениот да се поттикне да даде свој исказ и да не се прекинува во тоа, дури и тогаш кога веќе ќе почнете да се сомневате во точноста и веродостојноста на неговиот исказ. Сетете се дека вие му допуштате на осомничениот да даде „свој“ исказ, а со тоа ќе добиете информации што подоцна може да се проверат и ќе може посочат на тоа дали е виновен или не.

Потребно е да го снимите неговиот исказ, не само како доказ, туку и за да може повратно да му ги соопштите на осомничениот критичните тврдења што ги кажал, а кои вие подоцна ќе ги појасните или ќе ги оспорите, кога деталите се противречни на другите информации со кои веќе располагате. Може да проверите дали осомничениот е свесен за своите сопствени изјави така што ќе му повторите резиме од она што самиот го кажал. Дајте му прилика да се согласи со резимето или да го измени така како што (тој мисли дека) е соодветно.

Имајте во предвид дека говорот на вашето тело и едноставните коментари може да го поттикнат осомничениот да даде подетален и поцелосен исказ. Тоа подразбира и покажување знаци на интерес и дека

активно го слушате што има да каже. Ова може да го покажете со едноставно „климање“ со главата или коментари од типот „интересно“ или „сфаќам“.

## Прашања

Од исказот на осомничениот ќе ги идентификувате областите за кои треба да му побарате да даде дополнителни детали. Можеби ќе треба да даде поспецифични информации и да ги расветли оние области кои останале нејасни или за кои се чини дека се двосмислени. Кога го поттикнувате осомничениот да даде понатамошни објаснувања, треба да продолжите да се фокусирате врз употребата на отворени прашања кои ќе излечат колку што е можно повеќе информации, без на каков било начин да ги насочувате или ограничувате неговите одговори. На почетокот не треба веднаш да го оспорувате осомничениот, туку само дајте му до знаење дека ви се потребни дополнителни информации и дека треба да продолжи сè до оној момент кога смета дека го дал својот целосен исказ. После ова може и самите да отворите свои теми бидејќи ќе имате неколку докази што ќе треба да ги утврдите во однос на кривичното дело. Ќе посакате да ги претставите доказите кои можеби не биле сè уште објаснети од страна на осомничениот во неговиот исказ и ќе побарате да ви појасни, на пример: зошто бил на местото на злосторот, зошто отпечатоците му се најдени на кваката, или како украдените предмети се нашле во неговиот автомобил. Може да претставите и физички докази или фотографски слики како дел од испрашувањето, на пример: „Дали го препознавате овој шрафцигер?“ Вие однапред ќе ги подготвите своите „докази“ и ќе испланирате како да ги претставите за време на испрашувањето. Бидејќи информациите треба да ги користите тактично, на осомничениот ќе му дадете прилика да го објасни или да го оправда доказот пред и да го обелодените. На пример, доколку отпечатоците биле пронајдени на местото на злосторот што се случил во вторник, може да го прашате како си поминал тој ден. Дали ќе признае дека бил на местото на злосторот или ќе тврди дека бил на друго место? Ако започнете велејќи му „вашите отпечатоци се пронајдени на местото на злосторот“, му давате прилика да измисли причина зошто се нашол таму. Запомнете дека секогаш кога прашувате треба да сте со отворен ум. Треба да слушнете што има да каже осомничениот како појаснување, а не да си претпоставувате дека ги знаете причините за овие факти. Осомничениот може да има сосема изводливо и невино објаснување кое подеднакво се вклопува во фактите. После ова треба да продолжите и да ги засегнете оние области каде што се увидени недоследности меѓу исказот што го дал осомничениот и доказите или информациите со кои веќе располагате. Овие теми ќе имаат различна доказна вредност при докажување (или оспорување) дека осомничениот е виновен за кривичното дело. Еден можен приод е да почнете со теми од помала вредност и да продолжите кон најлесно докажливите.

**Кратка белешка за градење на довербата**

Треба да бидете свесни за тоа како треба да ги осмислите своите прашања, зашто тоа ќе има директно и значајно влијание врз природата на одговорите што ги добивате. По правило, испрашувањето треба да биде јасно и концизно, бидејќи не треба да го збунувате осомничениот со жаргон или со тоа што ќе отворите неколку различни и одвоени теми истовремено.

Постојат неколку видови на прашања: отворени, затворени, со присилен одговор, со повеќекратен одговор, со наведување.

- Отворени прашања се оние што на осомничениот му овозможуваат да одговара со подолги, подетални одговори и не се насочени од страна на испитувачот. Тоа се прашања од типот „Што се случи?“ или прашања што почнуваат така што од осомничениот се бара да „каже“, „објасни“ или „опише“ некој настан или ситуација.
- Затворените прашања бараат поопределени и поразграничени одговори. На пример, „Во колку часот?“, „Кој друг беше присутен?“, „Која му е адресата?“. Со овие прашања се става поголема контрола врз она што осомничениот го кажува и се користат за ситуации кога осомничениот ќе испушти некоја информација што ви е потребна. Но, овие прашања може да го ограничат исказот што се дава.
- Прашањата со наметнат (присилен) избор во голема мера ги ограничуваат можните одговори на оние што вие сте ги предодредиле. Прашањето може да биде од типот „Дали имавте пушка или пиштол?“ кога оружјето всушност било сачмарка. Осомничениот може само да избере еден од понудените одговори со цел да го задоволи испитувачот или да продолжи со испрашувањето. Треба да ги избегнувате овие прашања бидејќи не се одлика на отворен ум и бидејќи одговорот може да биде надвор од она што испитувачот го замислил. Не го ограничувајте разговорот на овој начин.
- Повеќекратните прашања се такви кога испитувачот поставува повеќе прашања во исто време. На овој начин испитуваното лице може лесно да се збуни, со што и одговорите што ги дава може да го збунат испитувачот. На пример, може да прашате „Кога тој го кажа тоа и што направи потоа и кој друг беше присутен?“
- Прашања кои наведуваат се прашања кои натежнуваат кон одреден одговор и за кои може да се каже дека го манипулираат испитуваното лице. На пример, тоа е кога ќе прашате „Сакаше да го повредиш, нели?“ Со овие прашања осомничениот може да наведе дека се согласува со тоа што му го велите, дури и ако не е сигурен или не се сеќава јасно.

Треба да одлучите на кој начин сакате да дојдете до појаснување на спорните информации. Ова делумно ќе зависи од тоа како вие го разбирате осомничениот, но и од односот што сте го изградиле за време на разговорот. Пример за тоа може да биде случајот кога осомничениот вели дека се наоѓал на едно место – X, но, вие имате сведоци кои го виделе на друг место – Y. Може да изберете директно да му противречите на осомничениот, велејќи му: „Тоа не е вистина; ние знаеме дека сте биле во Y. Зошто не сакате да признаете?“ Иако ова може да го наведе осомничениот да го прифати вашето тврдење, тој може и да го порекне истото, со што после ќе му стане уште потешко да даде признание, па вашиот однос ќе почне да се нарушува, со што осомничениот сè помалку ќе биде склон да ви разоткрива информации. Вие може подеднакво да се справите со недоследностите така што ќе кажете: „Имаме еден проблем овде, бидејќи имаме доста веродостоен сведок кој те видел во Y во времето кога ти велиш дека си бил во X. Можеме ли некако да го објасниме ова? Да не има нешто друго што би сакал да ни го кажеш, што може да ни помогне да го разјасниме ова?“ Во вториов пример, зборувањето за „нас“ во множина помага да се одржи односот и се остава впечаток дека вие и осомничениот работите заедно на појаснување на она што навистина се случило. Може да се надоврзете на исказот на осомничениот, кога е во спротивност со прикажаните докази, со употреба на затворени прашања, на пример, ако прашате: „Дали сè уште тврдите дека не сте биле во Y?“ Осомничениот ќе стане свесен за тежината на доказите против него како што ги обелоденувате стратешки во текот на разговорот. Ова може да го убеди дека признавањето на вината е најдоброто нешто што може да го направи. Доколку осомничениот ја признае вината, треба да му дозволите да даде нов исказ и да го поддржите целосно и точно да ги обелодени настаните така што ќе користите отворени прашања и ќе сондирате каде што е потребно.

Мора да останете смирени, прибрани и учтиви во текот на целиот разговор. Дури и ако треба отворено да оспорите некој елемент на исказот што го дал осомничениот, истото направете го без непријателство или агресија.

## Завршување

Завршувањето на разговорот е значајна фаза и не треба да се направи набрзина со уверување дека разговорот завршил тогаш кога ќе заврши испрашувањето. Потребно е да се опфатат неколку аспекти. Прво, прашајте го осомничениот дали има нешто што сака да го додаде на својот исказ, нешто што би сакал да појасни, или дали има некое прашање што сака да ви го постави. Запомнете дека може да се јави потреба повторно да разговарате со осомничениот, затоа е важно да одржите професионален однос исполнет со почитување. Во овој миг, ако веќе ви е познато, известете го на што би сакале да се надоврзете во идните разговори.

## Евалуација

На крајот од разговорот, првата евалуација што треба да ја направите е дали сте ги исполните или не целите што сте си ги поставиле за разговорот во фазата на планирање. Размислете кои дејствија се потребни сега за да напредне истрагата во светло на исказот на осомничениот, неговите одговори на вашите прашања и информациите со кои веќе сте располагале. Можеби ќе биде потребно да направите дополнителни истражувања за да ја проверите вистинитоста на дадените изјави, да го проверите наведеното како одбрана, или да ги лоцирате и обезбедите доказите, вклучувајќи ги и другите потенцијални сведоци или осомничени. Можеби ќе треба да размислите дали има полза од дополнителен разговор и како најдобро да се подготвите за тоа.

Фазата на евалуација е и прилика да размислите за сопствениот настап. Ова подразбира не само да ги критикувате областите каде што не сте поминале добро и каде што вреди да обрнете внимание, туку и да се бидете горди на она што функционирало и што треба да продолжите да го правите. Ваквата евалуација ќе стане уште подобра доколку имате трето лице како оценувач кое ќе ви даде повратна информација којашто може да ја вметнете во планот за својот професионален развој и поставување на личните цели.




# Заклучок

Стекнувањето на вештините за информативен разговор и нивната примена може да делува сложено и да претставува предизвик. Потребно е да се користат напредни вештини за комуникација, и да се биде способен да останеш отворен и сочувствителен, дури и во најтешки ситуации. Испитувачот мора да знае како да го планира и структурира процесот и да покаже дисциплина за целото време. Испитувачот мора да може критички да се осврне врз сопствениот настап и да биде волен да ги разбере сложените психолошки процеси. Дури и кога ќе се стекнат, овие вештини може лесно да се подзаборават доколку надзорните или вишите службеници не ги вреднуваат, поттикнуваат, унапредуваат или им го проверуваат квалитетот.

Во секој случај, како што покажува и Прирачникот, може да се постигнат значајни подобрувања на техниките за водење разговор доколку се преземаат одредени едноставни, но критични чекори. На сите полициски службеници им стои на располагање можноста да имаат корист од обемните научни истражувања и искуства на вешти практичари коишто се вградени во осмислувањето на овој приод кон успешна кривична истрага.

Полициските службеници се прагматични лица. Кога ги извршуваат своите полициски задолженија, тие сакаат да знаат што делува. Прирачникот покажува што е тоа што делува и на полициските службеници им дава основен ресурс за информативниот разговор да оди во нивна корист. Секако, Прирачникот не може сам по себе од сите полициски службеници да направи успешни спроведувачи на информативен разговор. Сепак, прирачникот им дава солидна основа на полициските службеници во својата пракса да воведат проверени и испитани методи. Со тоа не само што ќе се зголеми полициската ефективност во истрагата, туку и ќе им се овозможи на полициските службеници да применат полициско работење засновано на човекови права, нешто што сите граѓани го посакуваат и заслужуваат.

## Полициското работење во демократија и владеење на правото

Нашироко е прифатено уверувањето дека најголем број кривични случаи се решаваат со помош на информациите што ги дава заедницата. Кога полицијата ужива доверба и почит во заедница на којашто ѝ служи, како и на сите различни групи од кои се состои заедницата, тогаш овие информации слободно се пренесуваат. Без тоа, полицијата ќе се најде во состојба несразмерно да зависи од признанијата за да ги реши кривичните дела. Со оваа зависност доаѓа и опасноста од примена на закани, прифаќање на лажни признанија и повреда на човековите права под реалниот или умислениот притисок да се реши кривичното дело. Успехот на полицијата во решавањето на кривичните дела е тесно поврзан со односот што го има со јавноста.

Првокласните информативни разговори се од суштинска важност за изведување на престапниците пред лицето на правдата, но нивниот потенцијален придонес за разрешување на кривичните дела секогаш ќе биде сериозно ограничен без поддршка од сведоците и жртвите – обични граѓани кои се волни да истапат и да помогнат во задоволување на правдата. Граѓаните со поголема веројатност ќе се придружат во истрагата доколку веруваат во правичноста на правосудниот систем и во професионалната ефикасност и интегритет на непристрасна и хумана полициска служба. Водењето на професионален информативен разговор исполнет со почит може да стане главниот градежен блок во придобивањето на довербата од заедницата и почитување на владеењето на правото.



# Начела на информативниот разговор

## Целта е да се добијат точни, веродостојни и сеопфатни информации

Целта на разговорот е да се добие целосен, вистинит и точен исказ за тоа што се случило и други погодни информации што му се познати на испитуваниот.

## Бидете со отворен, но истражувачки ум, којшто прифаќа дека лицето е невино дури не се докаже дека е виновно

Испитувач не смее да потпадне под влијание на своите лични ставови и предрасуди, туку мора да зачува отворен ум. На овој начин ќе се овозможи повеќе истражен приод, кој подразбира преиспитување на исказите дури не се разоткрие целосна и веродостојна верзија. Постапувајќи така, испитувачот може да го провери дадениот исказ во споредба со информациите што му се веќе на располагање.

## Однесувајте се непристрасно и со почит кон сечие достоинство

Од суштинска важност е испитувачот во секое време да се однесува професионално, сообразно со почитувањето на човековите права на осомничениот, и да биде пресретлив за лицата кои е можно да имаат посебни потреби.

## Молчаливиот осомничен и понатаму може да се испрашува, бидејќи имате обврска да ја водите истрагата

Испитувачот треба да му поставува прашања на осомничениот дури и кога осомничениот одбива да даде одговор. Осомничениот подоцна може да тврди дека некои прашања не му биле поставени. Ова е прилика за нив да го дадат својот исказ.

## Може да поставите какво било прашање, под услов да се меродавни за истрагата

Од вас се бара да го истражите кривичното дело и за таа цел имате слобода да поставите какво било прашање кое е меродавно за решавање на случајот.

## Не мора да го прифатите дадениот одговор и може да продолжите со испрашувањето, под услов таквото испрашување да не стане присилно

Испитувачот може да ги проверува и оспорува исказите со цел да ги разјасни противречностите и недоследностите во потрага по вистинитиот и точниот исказ.

## Прифатете дека вистинитото признание на вина е од полза и за правосудниот систем и за жртвата

Иако мора да внимавате на можноста да добиете лажно признание, признавањето на вината може да ја ограничи вознемиреноста и стресот кај жртвата и поефикасно и правовремено да ја задоволи правдата отколку спорен судски случај.

Осмислен од страна на Одделението на Советот на Европа за соработка во областа на кривичното право (ДГ1), овој краток, воведен прирачник е првенствено замислен како алатка за обука за полициските службеници кои се вклучени во водењето разговори, со особен акцент врз водењето разговори со осомничени лица. Неговата основна цел е да се промовираат практики сообразни со почитувањето на човековите права во текот на фазата на информативен разговор од истрагата и на тој начин да се потенцираат не само правните и моралните императиви, туку и оперативната ефективност на примената на таквиот приод.

Овој прирачник понатаму ги нагласува опасностите од целосно потпирање врз неосновани признанија како средства за решавање на случаите; ја нагласува критичната важност од тоа да се биде со отворен ум да се одржува пресумпцијата на невиност; ги прикажува доказите наспроти неверодостојноста од користење на средства на присилба и измачување при водењето разговори со осомничените; содржи практични совети за испрашување на осомничените на начин кој со најголема веројатност ќе извлече информации по кои може да се постапува; и на полициските службеници им дава средства за ефективно структурирање и планирање на информативниот разговор.

МКД

www.coe.int

Совет на Европа е водечката организација за човекови права на континентот.

Советот на Европа се состои од 47 земји членки, од кои 28 се и членки на Европската Унија.

Сите земји членки на Совет на Европа ја имаат потпишано Европската конвенција за човекови права, договор осмислен со намера да се заштитат човековите права, демократијата и владеење на правото.

Европскиот суд за човекови права го надзира спроведување на Конвенцијата од страна на земјите членки.

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE